**Фонд за техничка документација**
**Втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти**

**Прашања и одговори бр.2**:

1. **Нашата Општина има потреба од решавање на проблемот со паркирање, па затоа не интересира дали може да аплицираме за изработка на проектна документација за катна гаража и за пристапни патишта до неа. Со овој проект би решиле сообраќаен проблем во центарот на градот со што проблемот со паркирање и сообраќајниот метеж ќе се изрегулира.**

Доколку проектот предвидува паркирање надвор од централното градско подрачје со што би се намалил сообраќајниот метеж во центарот на градот, а воедно би се предвидело сообраќајно решение со користење на друг превоз до центарот на градот (пешачки патеки, велосипеди или градски превоз), при евалуцијата таквата апликацијата би добила повеќе поени.

Во спротивно, доколку се предидува паркирање во централното градско подрачје, проектот ќе добие многу малку поени или нема да се оценува, затоа што не е во согласност со критериумите за намалување на загадувањето и поттикнување за користење на алтернативни сообраќајни средства.

2. **Потребна ни е техничка документација за изградба на нова градинка на местото на веќе постоечка. Станува збор за стара градинка (1963 год.), која нема соодветна изолација (монтажна стара барака) и има несоодветни просторни услови (мали занимални и мал капацитет). Дали може да се финансира изработка на техничка документација за ваков објект, со оглед на тоа што истиот би се изградил на место на постоечки објект за истата намена.**

Со овој втор повик не се поддржуваат проекти за изградба на нови објекти, дури и во наведените околности. Потребно е да се бараат други извори на финансирање, или да се причекаат следните повици кои би се организирал во рамките на Фондот.

3. **По однос на кофинансирањето, Одлуката на Совет не може да се донесе сé до моментот на завршување на изборите, согласно насоките на Антикорупциска комисија. Ве молиме за насоки како да постапиме.**

Одлуката на Советот не е задолжителен документ кој треба да се приложи заедно со барањето. Доволна е писмена изјава од градоначалникот за кофинансирање од најмалку 20% од вкупната вредност на бараниот грант и дека општината ќе ги прифати евентуалните дополнителни трошоци над максималната вредност на грантот.